Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19,) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставен од подносителот ------------------ на 18.09.20219 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 37-та седница одржана на 25.08.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот ------------------- врз основа на која е оформен предметот со број 12- 4352/1 од 18.09.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот со број 12-4352/1 од 18.09.2019 година бидејќи во поднесената пријава не се содржани информации и податоци кои укажуваат на сомневање за постоење на коруптивни елементи во конкретен случај по кои би можела да постапува Државната комисија, ниту се доставени адресни податоци за прибавување на дополнителни податоци.

Предметот со број 12-4352/1 од 18.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Да се извести подносителот на приговорот за одлуката на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4352/1 од 18.09.20219 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -------------------.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, ДКСК констатира дека поднесената пријава не содржи информации и податоци кои укажуваат на сомневање за коруптивни елементи во конкретен случај по кој би можела да постапува Државната комисија, ниту се доставени адресни податоци на подносителот за да може да се побараат дополнителни податоци во врска со доставената пријава, поради што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за свое надлежно постапување во конкретниот предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Нури Бајрами, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**